**ЗАПИСНИК**
**од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 25.01.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Д.Довлева, Маја Дамевска и Димитар Тануров.

**Други присутни:** Јасна Ерцеговиќ, Искра Опетческа, и Лазар Јанев од 1ТВ, Марија Димановска од Евротинг.

Г-дин Петрушевски ја отвори 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по читање на предложениот дневен ред објасни дека под Точка Разно членовите на Советот ќе имаат дискусија околу дел од процедурите за работата на Советот и Агенцијата произлезени од носењето на новиот Закон. Објасни дека по електронска пошта се доставени материјали, но по нив нема да носат одлука бидејќи не се подготвени за тоа, но ќе дискутираат и можеби ќе донесат одреден заклучок.

Г-дин Фиданоски забележа дека г-дин Петрушевски при читање на дневниот ред ја пропуштил да ја каже Точка 13, односно Предлог за спроведување на постапка за јавна набавка: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици.

Г-дин Петрушевски одговори дека се сеќава дека ја прочитал.

Г-дин Фиданоски во однос на обемниот Предлог дневен ред рече дека кога треба да се запазат роковите за определени точки секогаш е за тоа дека треба Советот да заседава и во таа насока замоли и апелираше во иднина по можност да се избегнуваат седници со голем број на точки во една седница. Рече доколку не е можно тоа е друго прашање, но ако е можно тоа да се запази затоа што имаат доста материјали за разгледување.

Г-дин Петрушевски рече дека во овие 4 и пол години колку што овој Совет работи заедно ова е првпат да има толку голем број на точки. Можеби во исклучителни ситуации ако има избори и да се брза се случува да има поголем број на точки, но во нормални услови немало толку точки. Сега има и многу јавни набавки и се

брза бидејќи е најавено дека Собранието на Република Македонија ќе ги распише претседателските избори, а има и кажано конкретен датум.

Г-дин Трајчев даде забелешка околу начинот на доставување на материјалите за седницата. Овие материјали, рече, беа доставени со задоцнување, а во Деловникот за работа на Агенцијата е предвидено доставување на истите 24 часа пред започнување на седница. Во овој дел апелираше до претседателот на Советот кој комуницира со Стручната служба на Агенцијата и директорот, при организација на седниците да се погрижи материјалите и закажувањето да бидат како што треба за да имаат време да ги разгледаат материјалите. Се најавува под точка Разно материјал кој е доставен утрово. Пред два дена се одржа седница каде што имаше само две точки, а голем број од овие точки можеа да бидат ставени на таа седница. Апелираше едноставно процедурално да се запазат роковите кои се предвидени со Деловникот за да имаат време сите членови на Советот да се подготват, да ги анализираат точките, посебно во случај кога има поголем број на точки и кога се одлучува по важни прашања.

Г-дин Петрушевски рече дека во текот на вчерашниот ден и претходниот ден неколку пати комуницирал со службата и материјалите се праќаа во делови како што беа финално подготвени, така што дел од материјалите беа веќе претпладнето испратени до членовите на Советот и се праќаа во 4 обиди. Објасни дека ваков случај е предвиден и во Деловникот и во Законот, кога има вонредни околности материјалот може да биде доставен и помалку од 24 часа.

Г-дин Трајчев рече дека не се сите материјали со вонредни околности и голем број од нив се со датуми од претходно и можело да се подготват навремено и дел од нив можеше да се разгледаат на седницата која се одржа пред два дена. Ова го кажува за да нема ситуација да добиваат материјали без да има време членовите на Советот квалитетно да се подготват.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог-записник од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.01.2019 година.
2. Усвојување на предлог-записник од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.01.2019 година.
3. Предлог-одлука за објавување на јавен оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапката за вработување на 6 извршители, на определено време за период од 1 година.
4. Предлог–одлука за поништување на Јавниот конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги објавен врз основа на Одлуката бр.04-5483/1 од 24.12.2018 година.
5. Информација во врска со доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс.

6. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година.
7. Предлог-одлука за поведување постапка за утврдување постоење повреда на член 34 кај ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа ТОТАЛ ТВ од Скопје.
9. Предлог за усогласување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
10. Предлог-одлука за одобрување средства за пристап до Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија.
11. Предлог за спроведување на постапка за јавна набавка: Финансиско – осигурителни услуги.
12. Предлог за спроведување на постапка за јавна набавка: одржување на веб страниците на Агенцијата.
13. Предлог за спроведување на постапка за јавна набавка: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици.
14. Предлог за спроведување на постапка за јавна набавка – ревизорски услуги.
15. Предлог за спроведување на постапка за јавна набавка – одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема.
16. Предлог за спроведување на постапка за јавна набавка: продолжување на важност на постојни и набавка на нови дигитални сертификати.
17. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Предлог-записникот од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.01.2019 година.

Г-дин Фиданоски имаше забелешка на почетокот во главата на записникот во делот кај „други присутни“. Имено предложи зборот „оснивач“ правилно да се запише и да се замени со „основач“.

Советот на Агенцијата со вградена забелешка од г-дин Фиданоски, со 5 гласа „за“ и два воздржан гласа од г-дин Трајчев и г-дин Ајдини го усвои Записникот од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.01.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа Предлог-записникот од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.01.2019 година.

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар, имаше забелешка во дел од нејзината дискусија. Предложи зборот „потврди“ да се замени со зборот „прифати“.

Советот на Агенцијата со вградена забелешка од раководителката д-р Андриана Скерлев Чакар со 6 гласа „за“ и еден воздржан гласа од г-дин Ајдини го усвои Записникот од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.01.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за објавување на јавен оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапката за вработување на 6 извршители, на определено време за период од 1 година. Објасни дека ангажирањето на овие соработници е потребно заради спроведување на изборите, и е со скратени рокови заради тоа што се очекува распишување на претседателски избори.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за донесување одлука на директорот на Агенцијата за објавување на јавен оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапката за вработување на 6 (шест) извршители, и тоа:

- Соработник за поттикнување и зачувување на културен идентитет во Одделението за културен идентитет при Секторот за програмски работи, 1 (еден) извршител, на определено време за период од 1 (една) година;
- Соработник за заштита на човекови права и медиумска писменост во Одделението за човекови права и медиумска писменост при Секторот за програмски работи, 2 (двајца) извршители, на определено време за период од 1 (една) година;
- Соработник за регулатива и аналитичко-правни работи во Одделението за нормативно-правни работи при Секторот за правни работи, 1 (еден) извршител, на определено време за период од 1 (една) година;
- Соработник за стратешко планирање и административен надзор во Одделението за стратешко планирање при Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, 1 (еден) извршител, на определено време за период од 1 (една) година; и
- Помлад референт за одржување на компјутери во Одделението за информатичка поддршка и технологии при Секторот за информатичка поддршка и општи работи, на определено време за период од 1 (една) година.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, јавниот оглас кој е составен дел од Одлуката да го објави во 2 (два) дневни весника, и тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на товар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како работодавач.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог–одлуката за поништување на Јавниот конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги објавен врз основа на Одлуката бр.04-5483/1 од 24.12.2018 година. Објасни дека во месец декември 2018 година Советот донесе Одлука да се распише конкурс за заменик на директор, но заради измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се менуваат и критериумите кои треба да ги исполнува заменик директорот. Исто така предвидено е дека изборот на заменик на директорот ќе се врши по изборот на членовите на Советот. Бидејќи овој конкурс е распишан пред да бидат усвоени измените на ЗААВМУ, до Советот се предлага да се поништи конкурсот.

Г-дин Петрушевски рече дека кога се распишувал огласот немаше согласност помеѓу политичките партии во Собранието, и не се знаеше до кога ќе трае тоа. Тоа нивно непостигнување на согласност траеше можеби една година. Оваа постапка се започна според тогаш тековниот Закон, во меѓувреме се донесоа новите измени во коишто има измена на некои од критериумите, на пример се бараше 5 години работно искуство, сега со новиот се бара 8 што е различно, се додадоа нови критериуми. Се бара од директорот и заменик директорот, последните 10 години да не биле партиски активни, избрани и именувани итн. И тоа што директорот го кажал, со новиот Закон се предвидува бирањето на новите органи до биде со новиот Совет, така што ова што е предложено е логична постапка. Рече дека Советот на Агенцијата секогаш првенство му даваат на Законот во однос на подзаконските акти. Во материјалите не пишува експлицитно но ова подразбира дека и Комисијата која ја избра Советот се поништува и нема да ја започне нејзината работа.

Г-дин Фиданоски рече дека и кога се отвори ова прашање како дебата, начелно дал поддршка затоа што беше во согласност со Законот. И тогаш кажал дека не беше потребен таков потег затоа што се очекуваат измени на Законот. Три-четири дена по објавување на конкурсот измените беа донесени и по неколку дена новиот Закон стапи во сила. Добро е што се поништува конкурсот затоа што, хипотетички ако се направеше избор по старите законски одредби, секогаш ќе стоеше еден вид етикета за личноста што ќе беше избрана, дека Советот брзал да го избере за да ги „предухитри" законодавците со новиот Закон. Изборот, рече, нека остане на новата поставa на раководство на регулаторот кога ќе дојде, кога ќе се изберат новите членови на Советот, потоа ќе се избере и новиот директор, па и заменикот на директорот со критериуми како што се утврдени во Законот. Рече дека уште од сега ќе му честита на тој што ќе биде избран, дека овој чекор е добар и ќе го поддржи.

Г-дин Петрушевски, рече дека Советот ако барем малку помогнал да се договорат меѓу себе оние кои што го донесоа Законот тоа е едно позитивно за нив. Советот ќе постапи онака како што е предложено сега.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за поништување на Јавниот конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објавен на 26 декември 2018 година во дневниот весник „Нова Македонија" и на 26 декември 2018 година во дневниот весник „Коха", поради тоа што на 8 јануари 2019 година влезе во сила Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република

Македонија" бр.248/18) во кој се предвидени нови критериуми за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку пренесен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс. Објасни дека Телевизија 24 Вести поднесе Барање за доделување на ваква дозвола, и рече дека нема да ги изнесува фактите кога го доставиле барањето, дали било потполно или не. По комплетирање на документацијата анализирано е нивното барање и врз база на анализата е изработена оваа Информација. Имено, и минатата година Агенцијата распиша конкурс за изработка на Студија за потребата за доделување на дозвола за терестријално емитување и како резултат на таа Студија, следеше Заклучок дека нема услови за распишување на дозвола за терестријално емитување. Во моментов Советот треба да реши дали може да се распише повторно јавен повик за изработка на Студија. Со нови податоци не се располага бидејќи податоците со кои беше изработена и претходната студија се се'уште актуелни, завршните сметки радиодифузерите ги немаат доставено до Централниот Регистар и до АВМУ, и едноставно оние параметри и заклучоци кои што беа дадени во претходната студија се`уште се активни и важат. Нова ситуација би можело да настане по предавањето на завршните сметки на радиодифузерите, изработка на анализа на пазарот за 2018 година од страна на Агенцијата и потоа ако има потреба да се распише Јавен повик за изработка на ваква студија. Од друга страна ги има роковите кои што следат за да се распише Јавен повик за изработка на студија. При тоа доколку Советот го прифати предлогот во моментов да се распише конкурс за изработка на Студија неопходно е да се смени финансискиот план, потоа да се смени Планот за јавни набавки, а дури потоа Советот да донесе одлука за распишување на Јавен повик, а тоа е премалку време до денот кога се планирани да се распишат изборите. Доколку радиодифузерот е заинтересиран, по завршување на изборите и изработката на анализата на пазарот за 2018 година, Советот да донесе таква одлука. Објасни дека доколку Советот го прифати овој предлог, на наредната седница ќе биде подготвена одлука за одбивање на барањето доколку не, Агенцијата ќе постапи онака како ќе каже Советот.

Г-дин Петрушевски рече дека тој прецизно ги разгледал сите рокови од минатата година и последната важечка Студија е изработена и објавена на 4 мај 2018 година и согласно таа Студија истото ова барање е одбиено подоцна на седница на Советот. Доколку Советот сега се повика на истата таа студија или на истите податоци ризикува да се добие истиот резултат, со што смета дека на тој начин би го оштетиле барателот и резултатот ќе биде најверојатно истиот, односно дека нема потреба да се објави конкурс за нова телевизија. Доколку сега се распише нова јавна набавка за студија, постои можност рокот од 3 месеци да не се запази поради најавените претседателски избори со кои повторно би се оштетил барателот. Објасни дека во негов и нивни интерес најдобро е ова да се направи непосредно по прогласување на конечноста на претседателските избори. Претпостави дека тоа би било некаде во

почетокот на првата половина на мај. Тогаш би почнале со постапката, значи после изборите, и се изјасни дека неговиот став е за тоа да се распише јавен повик за изработка на нова Студија.

Г-дин Фетаи рече дека ова е значаен момент и може да послужи како индикатор дека оваа телевизија добро функционира и е заинтересирана да премине на дигитален терестријален мултиплекс што на прв поглед значи дека ќе има зголемени трошоци бидејќи за дигитален терестријален мултиплекс треба многу средства. Со оглед на ограничените капацитети кои постојат се согласува да се изработи нова студија за да ја видат неопходноста за нова дозвола. Го поздрави нивното повторно барање за да се приклучат односно да бидат и во ова платформа поблиску до гледачите. Но рече, со оглед на аргументите кои беа изнесени и кои ги прифаќа дека се точни, а го прочитал и материјалот за анализа, рече дека немаат друга можност освен да почекаат кога ќе се отстранат двата елементи кои моментално се пречка, прво да поминат изборите и второ да ги достават податоците радијата и телевизиите, врз основа на што и ќе биде фактички донесена одлуката за студијата која треба да се подготви според нормите на новиот Закон. И според него исто така има обврска пред да се објави конкурс прво да се изработи Студија за неопходноста за доделување на нова дозвола. Рече дека ова треба да се има предвид и дека ќе го поддржи предлогот во поглед на објавување на нова Студија каде што ќе се видат можностите за реализација на барањето на ТВ 24, но во овој момент поради аргументите нормално дека нивното барање не може да биде реализирано.

Г-дин Трајчев рече дека не може да се согласи дека тие ќе бидат оштетени како што кажал претседателот, затоа што тие располагаат со барањето самостојно и доколку сметаат дека во оваа фаза треба да го поднесат ова барање, тие си знаат зошто тоа го прават и кој би бил резултатот. Посочи на законските одредби и рече ако се погледне член 70, Советот во вакви ситуации треба едноставно да постапи по тоа барање. Според него рече дека има рок 3 месеци, дури и сметките да се доставаат до АВМУ до крајот на март. Ако барањето е поднесено на 9 јануари 2019 година, значи 3 месеци истекуваат на 9 април и тие имаат време да ја направат студијата и да ја изработат согласно новите завршни сметки од страна на радиодифузерите, така што негово лично мислење е дека по ова барање како што е поднесено, би требало Советот да постапи или евентуално да му се одговори на радиодифузерот за да го достави со нов датум, за да рокот за изготвување на таа студија биде подоцна. Рече дека сепак мисли дека може да се стигне и до 9 април 2019 година и да се изготви студија со новите завршни сметки.

Г-дин Петрушевски рече дека смета дека размислувањето на г-дин Трајчев ќе биде проблем затоа што податоците за работење на телевизиите за 2018 година, ќе ги доставаат до Агенцијата до 31 март 2019 година. Овој период што го кажал 9 април 2019 година, тоа е само 9 дена и при тоа не знае дали некој од нив ќе задоцнат со доставување и дали Агенцијата ќе има време да ги обработи.

Г-дин Трајчевски рече дека има материјали кои се доставуваат и по пошта и теоретски е невозможно за да се изработат бидејќи материјалите кои ги добиваат се во груба форма и треба тие да се обработат. Праша како би направиле анализа за 9 дена ако не може да им се доставаат до 3, 4 или 5 март само како завршни сметки. Објасни дека не станува збор за немање желба да се објави јавен конкурс, бидејќи како што кажал ако сега Советот реши да распише јавен повик за изработка на студија на наредната седница прво треба да го смени финансискиот план, на следната

седница треба да го смени планот за јавни набавки, а дури на третата седница да се распише јавен повик за изработка на студија и притоа ќе се навлезе во периодот кога ќе започне изборниот процес. Сега Агенцијата не располага со нови податоци, така што во тој случај би се трошеле средства за нешто што веќе има анализа на тие податоци и тие се ставени во студијата што ја изработи маркетинг агенцијата, каде што кажува дека нема потреба од нова дозвола. Како што кажал, нови резултати ќе можат да бидат анализирани не во текот на месецот мај, дури и да има зголемен ангажман на секторот за да изработи нешто порано, пред средината на јуни тоа нема да биде возможно бидејќи во наредниот период ќе се одржат претседателски избори и целиот капацитет на Агенцијата ќе биде насочен кон мониторинг на изборните.

Г-дин Петрушевски рече дека највеќе ги загрижува распонот од 31.03.2019г., прашање е дали и кога ќе стигне и колку време ќе треба за обработка. Премногу е ризично ова да се почне сега и рече дека тој останува на првичниот став.

Г-дин Фиданоски рече ако би се направила ваква студија ова би била трета или четврта во последните 2 или 3 години, на барање на заинтересирани субјекти. И сега тврди како и што тогаш, дека Советот погреши тогаш кога поради процедурални причини или заради неправилно пресметување на роковите беа замрзнати роковите заради избори, па одложени избори, па формирање на Влада. Повтори дека Советот тогаш погреши што не отвори јавен конкурс за доделување на дозвола. Тогашната студија покажала дека има потреба од радиодифузер со формат општ претежно образовен или со сите три функции истовремено. Кога заради формални и процедурални причини кои според него не беа исправни беше одбиено барањето за да се отвори јавен конкурс иако студијата покажа дека има основаност. Следната покажа дека потребно е специјализирана филмска програма за нашата публика и документарна која што може да се подведе како образовна програма. Објасни дека пред некој ден биле на дебата посветена на состојбите и перспективите на јавниот сервис каде што од се`уште актуелниот програмски совет се кажа дека е разговарано и размислувано за поинаков развој на јавниот сервис и за отворање на канали кои би значеле ентертејмент (entertenment) каде би се гледало филм, спорт, музика и за документарен канал, значи токму тие што недостасуваат според Студијата која беше последна објавена. Зошто смета дека  е поцелисходно да се изработи студија и ќе поддржи заклучок дека по завршување на изборите треба да се започне процедура за изработка на студија, за тоа дали има оправданост, прво заради податоците што беа кажани од г-дин Трајчевски, дека ќе има нови податоци, не само заради податоците за финансиското работење на радиодифузерите туку ќе има и податоци и за вкупните економски текови во државата. Во тој период негде по завршување на претседателските избори ќе има конкретни показатели каков е економскиот развој на државата, квартално гледано ако не се лаже растот на БДП во 2018 година е поголем по квартали во однос на 2017 година кога беше претходната студија. Вкупниот раст во однос на 2018 година се очекува после април да го дознаат, тогаш ќе биде објавен од надлежните институции и очекувањата се дека ќе е поголем, кој што па во 2017 година беше минимален, односно во 2017 во однос на 2016 година. Што значи ќе има поголема додадена вредност во економијата на државата, кажано со едноставни зборови според него повеќе пари може да се завртат во македонското општество и на македонскиот пазар за секакви можни економски текови и движења и потенцијално поголема можност за поголем медиумски пазар, што значи дека поголеми се шансите од тој аспект. Од тие аспекти смета дека е потребно да се сочека завршувањето на претседателските избори и потенцијалните парламентарни за кои ќе се знае деновиве

дали ќе ги има или не, и заедно со новите податоци што ќе се добијат за финансиското работење на медиумите смета дека ќе има почиста слика за тоа каква е медиумската состојба и состојбата со пазарот во Македонија. Ќе го поддржи заклучокот дека треба Агенцијата да отвори постапка веднаш по завршување на изборите за изработка на студија во поглед на тоа дали постои оправданост за отворање на јавен конкурс за терестриајлен дигитален мултиплекс.

Г-дин Фетаи рече дека согласно дискусијата сите размислуваат на иста линија, да му се овозможи на медиумот да ја реализира идејата и планот од сателитска или телевизија која оди само преку кабел да се префрлат терестријално. Ова е позитивен момент затоа што за телевизијата ова се нови трошоци, околу 100 илјади евра за годишен надоместок. За него ова е позитивен показател, после законската забрана за рекламирање на институциите, државните органи и организации да се рекламираат. Во минатото се разговараше дека милиони евра биле распоредени во медиумите, не навлегува во процената дали тоа е добро или не, но сепак завршиле на сметките на радијата и телевизиите како една добра основа за нивното економско работење. Сега таа можност ја немаат, но сепак бараат отворање на терестријална телевизија. Не знае зошто со измените во новиот Закон е оставено во член 70 став 4 истражувањето, бидејќи поелегантно би било да има полиберален пристап. Тие кои можат професионално да опстанат на пазарот, потоа пазарот да направи селекција, а регулаторот да ги мониторира во поглед на програмските стандарди, публиката да не биде доведена во позиција да гледа програми кои не се во согласност со стандардите е сето тоа што е предвидено во поглед на програмата. Рече дека ќе поддржи таков предлог, ако бидат тука, во време кога ќе ги имаат двата параметри, услови, по завршување на изборите, да ги имаат новите податоци во поглед на нивното економско работење. Вториот елемент околу економските показатели смета дека не е релевантен. Се надоврза на општата економска состојба во државата, тоа е друго, сите економски параметри покажуваат дека стагнацијата која беше 2017, па и 2018 година, за оваа година сите предвидувања се дека ќе има поголем БДП од 3,8%. Се изјасни дека кога ќе дојде времето ќе ја поддржи ваквата идеја, кога ќе се исполнат условите кои се кажани претходно.

Г-дин Трајчевски, рече за да не се доведе јавноста во заблуда, објасни дека и да се распише конкурс, тоа не значи дека дозволата за телевизиско емитување ќе се додели на ТВ 24 Вести, затоа што може да се јават на конкурсот и други субјекти, на пример 1ТВ, ТВ Шења или ТВ 21. Не значи дека на јавниот повик тој што го поднел барањето дека тој ќе добие дозвола. Ако биде распишан конкурсот, ќе биде избрана онаа телевизија која има доставено најдобра понуда.

Г-дин Фиданоски рече дека има едно мало дообјаснување во однос на искажувањето на г-дин Фетаи. Кога ги кажал економските параметри не прејудицира за 2019 година, туку правел споредба на 2017 година која беше скоро нула, минимален раст и 2018 година која што според кварталните извештаи кои беа објавувани од надлежните има видлив раст, и практично би требало да се очекува за 2018 година податоците за вкупниот раст кои треба да се објават после април, да покажат дека е подобра економска година во однос на 2017 година, значи поголема додадена вредност. Што се однесува до доставеното барање, рече дека се согласува со г-дин Трајчевски дека објавувањето на јавен конкурс не значи дека подносителот ќе ја добие дозволата, си има постапка, во Законот прецизно е наведено. Факт е дека ова барање на подносителот не му е прво, и како телевизија 8 полни и 9-та година како

опстојува на македонскиот медиумски пазар. Нема дилема дека со тоа покажал дека е сериозен медиумски играч со амбиција да продолжи во таа насока и верува во тоа. Со самиот факт дека има интерес да добие таква дозвола, а го кажал и г-дин Фетаи, најмалку 100 илјади евра за надоместок за дигиталниот сигнал што се плаќаат покажува дека заинтересираноста за таквиот тренд најверојатно продолжува.

Г-дин Фетаи рече дека дискусијата на г-дин Фиданоски го поттикнала да каже уште две работи. Во поглед на економската состојба нема дилеми, денеска е историски ден, ако помине Преспанскиот договор во Парламентот во Грција, се отвора патот кон членство кон НАТО и по автоматизам се надеваат, кажуваат и аргументираат во јавноста дека економски ќе биде поинаку и со странските инвестиции и сл. Во таа насока ќе има позитивен амбиент. Во член 70 став 4 од новиот Закон се вели: „Доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, или Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс се утврди дека има слободни радиофреквенции, или капацитети Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката..". Праша во однос на капацитетите на тој дигитален мултиплекс, дали има сознанија колку има слободни капацитети, колку телевизии може да се вклучат ако има заинтересирани?

Г-дин Петрушевски рече дека има можност за уште најмалку две телевизии на државно ниво.

Г-дин Фетаи рече дека ќе бидат среќни ако уште на две телевизии им овозможат пристап.

Г-дин Петрушевски рече дека од дискусијата може да заклучи дека таа се одвиваше во две насоки, едната од него, г-дин Фетаи и г-дин Фиданоски отприлика го поддржале предлогот да се изработи нова Студија веднаш по завршување на изборите и г-дин Трајчев кој имаше став дека може одма да се распише. Бидејќи првиот предлог беше прв даден и го има во материјалите ќе го стави на гласање, а доколку не добие доволен број гласови ќе го стави на гласање предлогот на г-дин Трајчев. Го праша г-дин Трајчев дали се согласува.

Г-дин Трајчев се согласи.

Советот на Агенцијата ја прифати Информацијата во врска со доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс бр.08-555 од 24.01.2019 година.

Советот со 6 гласа „за" и еден глас „против" од г-дин Трајчев донесе заклучок веднаш по завршувањето на изборите да се преземат активности за да се изработи нова Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права да го извести подносителот Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип за заклучокот на Советот.

Г-дин Трајчевски по гласањето појасни дека Советот треба да ја прифати Информацијата и на наредната седница да донесе Одлука за ова барање да биде

одбиено, а кога ќе завршат изборите тогаш да се постапи согласно заклучокот на Советот.

Г-дин Петрушевски се согласи и рече дека оваа точка беше предложена како информација а не како предлог, бидејќи не се знаеше како Советот ќе одлучи. Праша дали овој начин на постапување е поврзано со новиот Закон?

Г-дин Трајчевски рече дека не е, но бидејќи е специфична ситуацијата се одлучи да биде вака поставена точката. Формално-правно Советот и сега да донесеше заклучок да се распише јавен повик за изработка на Студија, таа пак ќе беше распишана после изборите, бидејќи не може да се стигнат роковите за подготвување на јавната набавка поради изборите. Формално-правно истиот резултат ќе беше ако донесеше одлука за изработка на Студија.

Г-дин Петрушевски рече дека според него Советот детално ја разгледал целата ситуација и донеле соодветна одлука со почитување на сите мислења.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година. Објасни дека со измената на Законот, неопходно е да се изврши усогласување на тендерската документација, односно документацијата за јавен повик за доделување на наведената дозвола. Со донесените измени на Законот за аудио и аудиовиузелни медиумски услуги, има повеќе измени во самата тендерска, но во однос на она што ќе го достават потенцијалните кандидати до Агенцијата се однесува само во делот на програмскиот концепт, односно наместо да емитуваат музика најмалку 40% по стариот Закон, сега со новите измени таа обврска ја немаат, останува по нивна волја дали ќе емитуваат музика и колку ќе емитуваат. Оваа измена е минимална, но мора тендерската документација да биде усогласена со Законот што е сега на сила. Од таа причина се предлага наместо 65 дена, колку што беше распишан, конкурсот да се продолжи уште 25 дена, односно 90 дена колку што изнесува максималниот рок.

Г-дин Петрушевски рече дека е очигледно дека нема само технички измени, туку и битни измени во образецот на програмскиот концепт предизвикани од новиот Закон, а и мисли дека ќе има нова пресметка за надоместокот за дозволата. Со ова се добива и шанса да се јави уште некој за овие 25 дена, а тие што ги подигнале документите ќе имаат шанса да се прилагодат на новите измени.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за изменување на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека ова можеби малку ќе го забави процесот, но на крај верува дека успешно ќе заврши.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за поведување постапка за утврдување постоење повреда на член 34 кај ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје. Објасни дека активностите што се предлагаат да ги преземе Советот не се нешто специфични, нешто ново или нешто што првпат се прави од страна на Советот. Во изминатите години, во изминатиот период неколку пати се отворени вакви постапки. Минатата година Советот одлучуваше по ист ваков случај, кога интервју имаше Роберт Димитров, сопственикот на Телекабел, во однос на сопственоста на ТВ 24 вести, потоа имаше во однос на сопственоста на РА Енџел од Штип каде што имаше невенчан партнер на сестрата на Роберт Димитров. Пред повеќе од 10 години во однос на А1 телевизија и јавната изјава на сопственикот на А1 телевизија Велија Рамковски, дека е сопственик на весниците Време и Шпиц. Во овој случај кај 1ТВ во последните месеци имаше ситуација кога, иако во Агенцијата е пријавена сопственичката структура каде што се знае дека 95% сопственик е господинот Миле Јовановски а 5% госпоѓата Јасна Ерцеговиќ. Од страна на медиумот, преку емисии, преку најавни спотови се информира јавноста дека сопственик на телевизијата е сосема трето лице, односно лицето Бојан Јовановски. Во самиот документ е наведено дека на 7.01.2019 година, во божиќното интервју со Бојан Јовановски, водителката кажува дека ќе има специјално интервју со сопственикот на БЈМ МЕДИА ГРОУП, 1ТВ, господинот Бојан Јовановски. Потоа оваа состојба се повторува уште неколку пати. А согласно член 34 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, законодавецот утврдил забрана на радиодифузерот да има таен содружник. Затоа му се предлага на Советот да донесе одлука за поведување постапка за утврдување на повредата на член 34 од ЗАВМУ по службена должност кај трговското радио друштво 1ТВ и да се побара од телевизија 1ТВ во рок од 15 дена да ги достави податоците од значење за одлучување на Агенцијата, што се наведени во прилог на оваа информација.

Г-дин Петрушевски рече дека слична ваква постапка имаше и за ТВ 24 Вести минатата година. По документите немаше никаков проблем со сопственоста, како што и сега според документите телевизија 1ТВ нема проблем со сопственоста. Според документите сѐ е во ред. Проблемот тогаш беше што сопственикот на Телекабел јавно изјави на медиум „многу сум среќен што направивме бренд“ и давеше информации како давале позајмици на телевизијата и тоа беше доволно Советот да поведе постапка по назначениот член. Подоцна се покажа дека според документите сѐ е исправно. Во овој случај има исто така, по документите е сосема исправно, во 95 проценти сопственик е Миле Јовановски, додека се случува пак во емисија на телевизија, новинарката и самиот Бојан Јовановски да изјават реченици коишто укажуваат дека тој се јавува како сопственик, што не се согласува со нашите документи. Овде има олеснителна околност, според него олеснителна околност е што Бојан Јовановски е син на доминантниот сопственик, Миле Јовановски и на тој начин ова го разбира како еден вид на самопофалба од негова страна. Инаку не очекува дека од документите ќе испадне нешто поинакво, но Агенцијата и Советот се должни според овие изјави дадени во медиуми, јавно да испитаат дали тој е таен содружник. Рече дека не верува дека ќе се докаже, но сепак ќе ја поддржи постапката да се

спроведе. Се надева дека во иднина точно ќе ги даваат изјавите Бојан Јовановски и новинарите во 1ТВ телевизија, доколку не сакаат да достават други документи. Тоа е негово мислење и ќе ја поддржи постапката да започне.

Г-дин Фидановски рече заради прецизност во записникот треба да се каже дека согласно документите, радиодифузерот, односно 1ТВ е во 100 процентна сопственост на БЈМ МЕДИА ГРОУП, а таа компанија, правен субјект е 95% сопственост на Миле Јовановски, а 5% на Јасна Ерцеговиќ. Се изјасни дека и тој го дели мислењето со г-дин Петрушевски, и нему така му прозвучи затоа што господинот Бојан Јовановски е син на господинот Миле Јовановски кој што се води како 95% сопственик. Претпоставува дека по таа аналогија е претставен како сопственик на медиумот. Не е спорно постапката може да се отвори и радиодифузерот да ги достави потребните документи до Агенцијата.

Г-дин Фетаи рече дека според него не е баш драстична состојбата, и не знае зошто е доведена до оваа позиција. Се работи за однос на татко и син. Можеби таткото му рекол „сине ова ќе биде сè твое, фактички сè е твое". Сега таен содружник значи дека некоја е компанија „offshore" или нешто друго, па да не има перење на пари итн. Ова е многу едноставен случај и не знае зошто е даден предлог за покренување на оваа постапка. Му изгледа малку нелогично. Кога би имало можност да се жали самиот сопственик дека некој друг се јавува во негово име да каже, во однос на ова што го има тука 95 % и 5 % сопственост тогаш би било в ред. Ако никој не се жали, што ќе констатираат сега? Бојан Јовановски изјавил и никој не е оштетен и никој не реагирал на тоа. Смета дека непотребно се троши и време и хартија за оваа ситуација и рече дека нема да го поддржи предлогот и дека не треба да се оди понатаму со постапката.

Г-дин Петрушевски рече дека секој има право на свое мислење. Тој ќе остане на ставот што го кажал, г-дин Фиданоски има негово право и мислење како ќе постапи понатаму и за останатите исто важи. Бидејќи немаше повеќе пријавени за дискусија предлогот го стави на гласање.

Советот на Агенцијата со три гласа „за" од г-дин Петрушевски, г-ѓа Машовиќ и г-дин Фиданоски, еден глас против од г-дин Фетаи и три воздржани гласа од г-дин Јанчески, г-дин Ајдини и г-дин Трајчев не го прифати Предлогот за поведување постапка за утврдување на повреда на член 34 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа ТОТАЛ ТВ од Скопје. Објасни дека во прилог на материјалот е даден и Писмениот извештај за спроведен вонреден програмски надзор врз работењето на овој оператор, на 21 јануари 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека реемитува нерегистрирани програмските сервиси наведени во точка шест од извештајот. Согласно Законот во ваков случај треба да му се изрече јавна опомена на операторот.

Г-дин Фидановски праша дали каналите кои што се наведени во точка шест од извештајот, сите треба да ги исклучи?

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева одговори дека сите тие канали што се наведени во точка шест ги реемитувал нерегистрирани во Агенцијата и сите тие треба да ги исклучи. Информира дека на крајот на вчерашното работно време е доставена пријава од овој оператор, така што можеби е доставена изјава и можно е до донесувањето на решението да ги регулира.

Г-дин Петрушевски рече дека сега мора да постапат вака како што е предложено по Законот.

Г-дин Трајчев праша дали е можно да се даде некој подолг рок од овие осум дена?

Раководителката Давидовска Довлева одговори дека според Упатството операторот мора веднаш да ги исклучи каналите по добивање на решението.

Г-дин Трајчевски рече дека реемитувањето нерегистрирани канали претставува кривично дело.

Г-дин Петрушевски рече дека е можно во времето до добивањето на решението да ги пријави сите тие канали доколку сè е в ред со договорите.

Г-дин Фетаи рече дека ова е многу значајна точка и многу значаен момент околу реемитувањето. Тоа треба да биде врз основа на регулирани авторски и сродни права, согласно Законот за авторски права. За секоја повреда на авторските права и констатирање од страна на Агенцијата и Советот, потребно е брзо реагирање и околу оваа точка нема дилеми. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот бидејќи од нивна страна имаше многу укажувања во оваа сфера. Но, толку недоразбирање има во поглед на реемитување на странските програми и околу авторските права што ги имаат телевизиите, што Советот секогаш во таа насока реагирал и затоа не гледа никакви дилеми. Ако операторот постапи и се прилагоди на тоа, никому ништо. Но тој е за тоа да реагираат навреме за сите вакви неправилности. Уште повеќе затоа што има капацитет, технички и технолошки ова да се следи во Агенцијата, од нејзината централа, не само радијата и телевизиите, туку и кабелските оператори. Уште еднаш потврди дека ќе го поддржи предлогот.

Г-дин Трајчев рече дека се согласува со господинот Фетаи дека ова е особено значајно прашање, суштинско и во еден систем на правна држава многу значајно е авторските права да бидат регулирани и документирани. Не значи дека не се регулирани во случајот, можеби не се доставени до Агенцијата, но должност и задача на Советот е тоа веднаш да го провери и утврди. И не само во овој случај, туку и во сите случаи каде што се реемитува програма. Авторските права задолжително во сите развиени земји и држави се многу значајна работа и се преземаат мерки за тоа да биде регулирано.

Советот на Агенцијата врз основа на констатациите од надзорот на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје едногласно му изрече мерка Јавна опомена и му се наложи веднаш по приемот на решението за изрекување мерка, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година да го усогласи своето

работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права да изврши контролен надзор со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

**Точка 9**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за усогласување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека непосредно пред новогодишните празници се донесоа измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, односно Законот за изменување и дополнување на Законот за придонесот за задолжително социјално осигурување и Законот од личен доход и за да не паднат зголемувањата на овие ставки на сметка на вработените се предлага минимална корекција бидејќи Правилникот е за бруто плата, а не е за нето плати. Вакво усогласувања се направени во сите други институции.

Г-дин Петрушевски рече дека ова усогласување е направено во текот на јануари 2019 година во повеќето институции во државата. Оние институции што не го направиле ова, по новите пресметки ќе имаат намалување на платата, што би било за вработените некаква казна. За да се избегне ова, сите институции, барем таму каде што работи и на други места ова го направиле. Се работи за усогласување од околу 1%. Значи за вработените би останале истите приходи, само државата ќе зема нешто соодветно поголеми износи. Законот што се донесе тоа го предвидува. Дали вака требало да биде или некој згрешил со измените на Правилникот тоа ќе остане нејасно за него. Вработените во секој случај не треба да бидат оштетени од оваа измена, а како плус, државата ќе има поголеми приходи со социјалното осигурување.

Г-дин Фидановски за да прецизира праша дали нето износот ќе остане ист, а бруто износот ќе се зголеми поради зголемените ставки за пензиско и здравствено осигурување?

Г-дин Петрушевски појасни дека државата ќе зема повеќе во тој дел и станува збор за 1%.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Правилник за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел на негово усогласување со донесените законски измени, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за правни работи да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 10**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за одобрување средства за пристап до Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, објасни дека се работи за услуга која што може да ја даде само

Централниот регистер кој е единствен понудувач на оваа услуга. Вредноста на набавката е до 30.000,00 денари.

Г-дин Фиданоски рече дека оваа точка во овој момент е со значење покрај другото, заради тоа што во претходните точки имаше неколку околу сопственоста на медиумите и заради обврската што си ја презеде Агенцијата со Годишната програма да објавува извештаи за сопственоста на медиумите и на тој начин да придонесе дополнително за транспарентноста во работењето на регулаторот и се разбира за транспарентноста кај медиумите околу тоа каква е нивната сопственичка структура. Централниот регистар е единствената институција која што ги дава таквите податоци или од каде што се влечат најголемиот број на податоци неопходни за ваквото работење, и се согласи дека апсолутно има потреба и повеќе од потреба за ваквата набавка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за уплата на средства заради овозможување пристап на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до податоците на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, во износ од 30.000,00 денари.

Средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година.

**Точка 11**

Раководителката на службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за спроведување на постапка за јавна набавка: Финансиско-осигурителни услуги. Објасни дека набавката опфаќа осигурување на недвижност, на целокупната опрема во објектот од пожар и земјотрес, потполно каско осигурување на 5-те моторни возила и вклучен ризик за патниците во возилата и деловно патничко осигурување.

Г-дин Трајчев праша дали ќе се оди директно преку осигурителните компании да дадат понуди или преку застапници и брокери?

Раководителката на службата за јавни набавки Цветанка Митревска одговори дека ќе се оди преку понуди од осигурителните компании.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Финансиско-осигурителни услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Финансиско-осигурителни услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 12**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за спроведување на постапка за јавна набавка: одржување на веб страниците на Агенцијата рече дека се работи за период од 2 години, а вредноста од 134.000,00 денари односно 67.000,00 денари годишно е економски доста поволна проценка. Овој износ може и да се намали и вредат парите што може да се дадат, затоа што оваа веб страница ја овозможува транспарентноста на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка: одржување на веб страниците на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: одржување на веб страниците на Агенцијата за 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 13**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за спроведување на постапка за јавна набавка: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, објасни дека се работи за многу важна набавка поврзана со работата на Агенцијата и побара објаснување.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довелва објасни дека оваа јавна набавка се спроведува во насока на остварување на законската надлежност на Агенцијата да врши мерење на гледаност или слушаност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија. Податоците коишто се предмет на набавката треба да се добиени врз основа на троетапен стратифициран репрезентативен примерок од 2.400 испитаници квартално (9.600 испитаници годишно), од населението на возраст од 10 до 70 години, со користење на методот телефонска анкета. Доставувањето на податоците во Агенцијата (четири квартални извештаи и еден годишен извештај) треба да се врши на квартална основа, и тоа во рок од 15 дена по завршувањето на секој квартал.

Г-дин Петрушевски праша дали со оваа јавна набавка може да се каже дека на некој начин Агенцијата врши мерење на гледаноста и слушаноста на радиостаниците и телевизиите на начин како што нејзе и е потребен?

Г-дин Трајчевски рече да, тоа е така, но податоците, ако мисли на состанокот од оваа недела, податоците што им се потребни на радиодифузерите заради обезбедување на реклами се сосема различни од податоците кои и се потребни на Агенцијата. Регулаторот согласно неговите потреби го прави ова, односно добиените податоци не соодветствуваат со податоците кои им се потребни на радиодифузерите од маркетиншки аспект за обезбедување на реклами.

Г-дин Петрушевски рече дека со оваа набавка делумно се исполнува надлежноста, каде што се вика Агенцијата мери гледаност и слушаност на

територијата на Република Македонија. А потоа во друга реченица се вели како тоа ќе го прави се остава на Агенцијата. Тоа е една непрецизност на Законот и ова е доволно да се одговори на сите напади дали ние вршиме гледаност или не вршиме. А тоа што помогнале на поголемите телевизии да си имаат и дополнителни информации, што го формирале тој Комитет тоа е една сосема нормална работа во една нормална држава, како што се повеќето во Европа и другите развиени држави во светот. Ова е за колегите што беа присутни на расправијата со медиумите кога се расправаа како да се мери гледаноста.

Г-дин Фиданоски рече дека сака една мала дигресија да направи и јавно да ја сподели со Советот, без намера да прејудицира за исходот евентуален во иднина и да влијае на тој начин со можниот избор на економски оператор. Апелираше доколку постои можност, се разбира ако другите не ги исполнуваат критериумите, тоа е факт кој не може да се побие, но да има шанса за разновидност во изборот на економски оператор којшто би ги спровел ваквите истражувања за да не се повторува ситуација еден ист оператор да ги добива ваквите набавки. Рече дека нема сомнеж во квалитетот на испораката, но за да не биде дека Агенцијата фаворизира некого без разлика дали тој е единствениот што ги исполнил критериумите.

Г-дин Трајчевски рече дека на јавниот повик изминатите години се јавуваат повеќе економски оператори и во процесот на е-аукција, односно негативно наддавање, намалување на цените, победува тој што победува. Значи се јавуваат повеќе економски оператори но тој што ќе понуди најниска цена тој ќе биде избран. Агенцијата на никој начин не може да влијае кој ќе даде најниска цена.

Г-дин Петрушевски рече дека од морални причини, ако се јават барем тројца треба да бидат задоволни, ако се јават повеќе уште подобро, еден ако се јави тогаш би требало да има проблем и евентуално да се појави сомнеж.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што е ставена оваа јавна набавка. Рече дека единствено има дилема околу вредноста од 1.600.000,00 денари која е предвидена за набавката. Се согласува дека оваа постапка е скапа, потребни се анкетари за да се реализира, но на Агенцијата е законска обврска да ја спроведе набавката. Праша бидејќи се во период на предизборие, дали оваа јавна набавка не може да почека по завршување на изборите?

Г-дин Трајчевски објасни дека Агенцијата добива квартални извештаи. Првиот треба да се изработи и да се добијат податоци за месеците јануари, февруари и март 2019 година, и тоа на 15 април 2019 година. Изборите ќе завршат подоцна во првата половина на мај. До тогаш ќе нема смисла и не ќе може да се исполни законската обврска. Посочи дека секогаш Агенцијата по завршување на годината, односно во овој период во новата година оди со оваа јавна набавка бидејќи е временски поврзана со добивање на податоци. Пред две години заради жалба на еден од операторите не се успеа да се заврши јавната набавка до крајот на март и тогаш имаше Извештај за 4 месеци, вториот за 2, и последните два извештаи беа за 3 месеци. Затоа сега се оди за да се обезбедат податоци за првите три месеци од годината и да се добијат најдоцна на 15 април 2019 година.

Г-дин Фетаи рече дека овој проценет износ е максимално предвидениот и со е-аукција може да биде и понизок.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Податоци

за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 14**

Раководителката на службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за спроведување на постапка за јавна набавка-ревизорски услуги. Објасни дека согласно член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата е должна еднаш во годината до Собранието на Република Македонија да достави ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и став на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија. Поради тоа Агенцијата покренува постапка за јавна набавка чиј што предмет ќе биде Ревизија на годишните финансиски извештаи (годишната сметка) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

Г-дин Трајчев рече дека во самата одлука пишува Оглас бр.02/2019 и праша дали значи дека е објавен?

Раководителката Митревска рече дека огласот за јавната набавка се`уште не е објавен туку само е креиран бројот на огласот.

Г-дин Трајчевски рече дека Советот не гласа по одлуката, и не треба да стои затоа што Советот гласа за утврдување на потреба, понатаму огласот, спецификацијата го утврдува директорот. Во самата одлука не треба да стои бројот на огласот, членовите не гласаат по него, ниту утврдуваат број.

Раководителката Митревска рече дека Советот му дава одобрување на директорот да ја започне постапката, а во одлуката треба да има број на оглас за да има хронологија. Но доколку се согласи Советот, во иднина одлуката која е доставена на увид ќе биде без број на оглас.

Г-дин Петрушевски рече дека на ваков начин работеле 4 и пол години.

Г-дин Трајчев рече дека ова е погрешно, Советот не утврдува оглас туку даваат одобрување за потреба и тоа многупати претходно го кажал во дискусијата.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Ревизорски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Ревизорски услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 15**

Г-дин Петрушевски во однос на Предлогот за спроведување на постапка за јавна набавка-одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема рече дека се работи за стандардна набавка која опфаќа сè друго освен системот за мониторинг, направена е максимално штедливо, а парите кои се планирани за набавката ќе се потрошат само ако има проблем. Одделението за информатика добро ја сработил техничката спецификација.

Г-дин Трајчев рече дека и во овие материјали стои број на оглас во одлуката.

Г-дин Петрушевски рече дека секаде е така во материјалите поврзани со јавните набавки и така било и во претходните години. Се обрати до Службата за јавни набавки и рече внимателно да се разгледа забелешката која ја даде г-дин Трајчев и на имеил да му достават аргументи, да го убедат дека се во право, за да во иднина нема вакво недоразбирање. Можеше да се случи на седница да бидат присутни 5 члена на Совет меѓу кои и г-дин Трајчев, двајца да се отсутни и поради ова со гласањето јавната набавка можеше да не помине.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема на Агенцијата за 2 (две) години е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 16**

Раководителката на службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за спроведување на постапка за јавна набавка: продолжување на важност на постојни и набавка на нови дигитални сертификати

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: продолжување на важност на постојни и набавка на нови дигитални сертификати

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: продолжување на важност на постојни и набавка на нови дигитални сертификати е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 17**

**Разно**

Г-дин Петрушевски рече дека до членовите на Советот се доставени два материјали, едниот е Писмен извештај за ТВ 24 Вести и другиот предлог за изрекување на мерки.

Г-дин Трајчев рече дека материјалите ги добиле сабајлето, притоа не успеал да ги погледне и не може да дискутира по оваа точка.

Г-дин Петрушевски рече дека лично се чувствува многу уморен, пред седницата бил на работа, сега на седницата ги читал материјалите и ја водел седницата, и разговарал со раководителката м-р Драгица Љубевска, ја прашал пред седницата, не се видел со директорот, дали има можност оваа точка површно да ја разгледаат и да не носат никаков заклучок и да остане за наредна седница. Објаснила дека ова е работа поврзана со примената на новиот Закон.

Г-дин Трајчевски објасни дека изрекувањето на мерките сега треба да го прави Советот на Агенцијата. Градацијата на мерките е прво изрекување на јавна опомена, но пред да им се изрече оваа мерка треба на радиодифузерите да им се овозможи тие да се произнесат за прекршокот што го сторил. Веќе има констатирано прекршок од ТВ 24 Вести, но Советот не може да одлучува бидејќи се нема произнесено радиодифузерот. Се планираше заклучок на Советот да биде дека откако ќе биде констатиран прекршок од Стручната служба, претседателот да прати допис до радиодифузерот да се произнесе. Извештајот од мониторинг ќе биде доставен до членовите на Советот, но да се разгледува на седница кога ќе стигне произнесување од радиодифузерот. Втората работа е дека ако со мониторинг се констатира дека нема прекршувања, членовите на Советот како и досега ќе бидат информирани, но нема да дискутираат по нив ако нема мерка. Во ЗААВМУ нема рокови по кои треба да се произнесат, има едно Упатство кое го има донесено тој како директор по кое треба да се постапува, во рок од колку дена треба да се произнесат радиодифузерите за да не се оди до бесконечност, на пример да не му треба 3 месеци за да се произнесе.

Г-дин Петрушевски објасни дека новиот Закон предвидел упатства да носи новиот Совет. Знае дека имаше многу точки и сите се уморни и материјалот е добиен сабајле, но не носат одлука. Праша дали може да се постигне согласност кога ќе има вакви случаи да не држат седница на Совет, туку тој во име на Советот да го потпишува Барањето за тие да се изјаснат и потоа сето заедно да оди на Седница на Совет.

Г-дин Фиданоски праша колку дена има во Упатството што го кажал директорот за да се решава по ова прашање или нема конкретни рокови?

Г-дин Трајчевски одговори дека кога ќе му биде изречена мерка, за различни прекршочни има различен број на денови за усогласување. Различно е за радиодифузери и за оператори.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на Директорот и Советот м-р Драгица Љубевска појасни дека Упатството е донесено од страна на директорот, но се предлага Советот да донесе Заклучок со кој ќе се утврдат роковите.

Г-дин Петрушевски предложи едно решение, сега да не го дефинира заклучокот, да го дефинира до понеделник да им го прати по електронска пошта на

членовите на Советот да го видат, ако имаат забелешки ќе ги достават, ако не тоа ќе биде заклучокот што ќе се донесе на следната седница. Сега се уморни и не треба да брзаат.

Г-дин Трајчев рече дека не се работи за умор, туку не се упатени во материјалите. Носење на еден таков заклучок кој во иднина ќе се применува и ќе биде начин на работа треба добро да се погледне во Законот и да се постави како треба.

Г-дин Петрушевски рече дека до понеделник до крајот на работното време со службите заеднички ќе го сработи, ќе биде во комуникација со нив за заклучокот и до крајот на денот ќе го прати.

Г-дин Фиданоски рече дека меѓу другото и заради оваа причина минатиот пат побарал да се видат пред седница или после седница да закажат координација. Не е лошо пак да има координација на Совет, директор и раководителите, за да се усогласат сите работи, да се поедностави процедурата и да стане навика за да не се комплицира работа во целата оваа постапка. Треба да бидат во дослух. Се согласува да се направи урнек со кој ќе се констатира што произлегува со надзорот и заедно со извештајот, претседателот на Советот да му испрати допис на радиодифузерот, да побара писмен одговор согласно новиот Закон, член 23 став 4. Откако ќе го добијат, како што кажала г-ѓа Чакар во разумен рок од 15 дена без да прејудицира за рокот, и ќе остане предлог-мерката. Има една дилема, заради економичност во работењето, праша дали за секоја мерка ќе се закажува седница или ќе се чекаат повеќе мерки па за сите ќе одлучуваат на една седница?

Г-дин Петрушевски рече дека пак ќе предложи до понеделник до 14 или 15 часот да им прати на меил ова што сега го дискутираат и тоа да биде предмет на дискусија половина час пред наредната седница, неофицијално како состанок.

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар објасни дека изрекувањето на мерка на радиодифузерите е законска обврска, Барањето исто така е законска обврска и рече дека Секторот за правни работи би изработил урнек на начин на постапување. Тоа е формализирање, но е и обврска која мора да се реализира.

Г-дин Петрушевски рече дека повеќе е за тоа како да донесат заклучок еднаш и после таа едноставна работа да ја прави во име на Советот, а Советот на седница да ги носи одлуките.

Г-дин Фетаи рече дека смета дека нема да биде оптоварување да се разгледа предлогот на претседателот и да се овласти да направи заклучок и да му прати известување на радиодифузерот. Мисли дека тука ќе биде побитно што можеби ќе има многу радиодифузери кои нема да дојдат на изјаснување или ако не одговорат на писмено изјаснување. Да не зависи Советот од тоа дали дошле или не се изјасниле, Советот да си продолжи на следната седница со работа.

Г-дин Фиданоски рече дека она што го кажал г-дин Фетаи, член 23 став 3, кога станува збор за јавна опомена Советот на Агенцијата ќе побара од издавачот на медиумот да се изјасни во писмена форма за стореното непочитување, повреда или прекршување, значи Советот ќе побара, ама тоа не значи дека е должен да обезбеди. Веќе во став 4 кога се однесува за други прекршувања веќе е должен да обезбеди јавна седница. На седницата побара согласно новиот Закон и новиот начин на финансирање за јавниот сервис во член 105, во догледен разумен рок, ако е можно и

кога ќе биде во можност, Стручната служба да провери дали има комерцијални комуникации или реклами на Јавниот сервис кои законски не се дозволени. Во делот на став 3 како дополнителен извор се меѓу другите и средства остварени од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот. Побара да се провери дали јавниот сервис го почитува ова околу рекламирањето. Не бара рок, но кога е во можност службата тоа да го провери.

Бр. 02-337/16
04.02 2019 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ